# СТАТЕР БАНКА АД КУМАНОВО
# О Б Ј А В У В А
# О Г Л А С
## за продажба на недвижен имот сопственост на Банката

**СТАТЕР БАНКА АД Куманово ќе изврши продажба на :**

| Ред. бр. | Опис и локација на недвижноста | Површина | Почетна цена изразена во денари |
|---|---|---|---|
| 1. | **Деловен објект** во Скопје, на ул. Иво Рибар Лола бр.59, Палата Унија, деловен простор бр.5, на 4-ти кат | 313 m2 | 30.000.000,00 |
| 2. | **Нива** во с. Романовце | 6.382 м2 | 384.245,00 |
| 3. | **Погон за конфекција и Пратечки одделенија на погон за крупна кожа** во Куманово, на ул. 11-ти Ноември бб<br>**- погон за конфекција**<br>**- пратечки одделенија на погон за крупна кожа** | <br><br>1002 м2<br>4463 м2 | 28.113.320,00 |
| 4. | **Објекти - кафеана и бензиска пумпа** во с.Табановце, Куманово<br>– **кафеана** - голема сала и мала сала и<br>– **бензинска пумпна станица** со три места за точење, канали за пумпи, резервоари, настрешница, водоводни, патни и електрични инсталации | објект 168 м2<br>двор 774 м2 | 4.850.000,00 |
| 5. | **Земјиште** во Крива Паланка и тоа :<br>- нива во м.в. Чука, класа 8,<br>- пасиште во м.в. Чука, класа 6 и<br>- градежно земјиште (ливада) во м.в. Грамаѓе | <br>16.361 м2<br>829 м2<br>472 м2 | 525.285,00 |
| 6. | **Идеална половина од куќа** на ул. Трст бр.39, во Куманово составена од 2 објекта:<br>- објект А и<br>- објект Б и<br>- идеална половина од двор | <br><br>77,75 м2<br>30,05 м2<br>32,40 м2 | 901.000,00 |
| 7. | **9 објекти** од мелничка индустрија (поранешна сопственост на Житомел АД Куманово) и тоа :<br>– млин за сточна храна со магацин;<br>– млин за сточна храна;<br>– млин за сточна храна и магацин за сточна храна;<br>– млин за сточна храна и магацин за сточна храна;<br>– млин за брашно Куманово - реконструиран;<br>– вага за товарни возила (50 тони);<br>– силоси за пченица;<br>– машинска куќа на силос;<br>– платформа за автоматско празнење,<br>– и дворно место околу објектите | 2.406,50 м2 | 68.508.412,00 |
| 8. | **Куќа** (П+1) во Куманово на ул. Борис Кидрич бр. 32, со помошна просторија и<br>двор | <br>119 м2<br>21 м2 | 1.300.740,00 |
| 9. | **Куќа** во Куманово, на ул.Славиша Вајнер бр. 19 која се состои од приземје и кат и | 155 м2 | 1.934.716,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | двор | 185 м2 | |
| 10. | 1/2 од **Куќа** во Куманово, на ул. Благе Илиев Гуне бр. 24 и<br>дворно место | 93 м2<br>137 м2 | 700.000,00 |
| 11. | **Куќа** во Куманово, на ул.Иван Милутиновиќ бр.6и 3/8 идеален дел од земјиште под објект и<br>двор | 165 м2<br><br>445 м2 | 2.611.620,00 |
| 12. | **Куќа** во Куманово, населба Карпош, ул.173 бр.6 која се состои од<br>- приземје и<br>- кат и<br>1/2 идеален дел од земјиште под објект и двор | <br><br>80 м2<br>80 м2<br>933 м2 | 2.403.275,00 |
| 13. | **Станбена зграда** во м.в. Камењар, с.Калниште, Пробиштип, со деловен простор дуќан во приземје и<br>дворно место | 160 м2<br>500 м2 | 912.476,00 |
| 14. | **Куќа** во Крива Паланка, ул. Партизанска бр.1 со земјиште | 115 м2<br>169 м2 | 901.966,00 |
| 15. | **Стан** во Куманово, на ул.3 МУБ бр.106/1-12<br>со подрум | 71 м2<br>13 м2 | 1.990.000,00 |

**Фотографии на објектите се достапни на Интернет страна на Банката : www.staterbanka.com.mk**

**ПОНУДИ**

Содржина на понудите :

- Назив на понудувачот (назив, адреса, телефон, факс, e-mail)
- Крајна цена изразена во денари
- Начин на плаќање

Плаќањето при купопродажба ќе се врши во денари и тоа :

- во готово,
- со кредит одобрен од страна на Банката.

При плаќање со кредит истиот се одобрува согласно условите и кретериумите на Банката и задолжително сопствено учество од најмалку 10 - 30% од купопродажна цена, а кредитот да биде обезбеден со имотот предмет на продажба.

При земање на станбен кредит рокот на неговата отплата е максимум 5 години.

Плаќањето во готово или со сопствено учество за купување на кредит треба да се изврши во рок од **8 (осум) дена** сметајќи од денот на известувањето дека е прифатена понудата.

Банката ќе го задржи износот од 10 % уплатен на име сопствено учество за купување на имотот доколку купувачот се откаже од купопродажбата или не ги исполнува обврските по Договорот и доколку не плати три рати од Договорот за кредит одобрен за купување на предметниот имот.

Предност за купување има понудувачот кој ќе понуди во готово, потоа на кредит.

За недвижниот имот под реден број 1, 3, 4 и 7 не е вклучен ДДВ во износ од 18% кој паѓа на товар на Купувачот и се плаќа во готово.

Данокот на промет на недвижност, како и трошоците околу преносот на правото на сопственост ги плаќа купувачот.

Заинтересираните купувачи при поднесување на Понудата треба да уплатат на жиро сметка на Банката 510-0000000001-09 со назнака : "депозит за учество на лицитација" или да депонираат како залог во СТАТЕР БАНКА средства од износ од 10 % од почетната цена за имотот предмет на лицитација или да обезбедат неотповиклива безусловна платива на прв повик банкарска гаранција прифатлива за СТАТЕР БАНКА, како и да достават доказ за извршената уплата, во спротивно понудата нема да се разгледува.

Доколку не биде прифатена понудата, учеството ќе биде вратено на понудувачот во износ колку што уплатил без право на камата, а во колку понудата биде прифатена, а понудувачот се откаже по било кој основ учеството не се враќа на понудувачот.

Доколку понудувачот сака да го купи недвижниот имот на кредит, претходно е должен да изврши проверка на својата кредитна способност согласно критериумите и условите на Статер Банка АД Куманово.

Уплатениот депозит на успешниот понудувач се смета како дел од уплатата на купопродажната цена.

Понудувачот е должен во рок од 3 работни дена од денот на известувањето дека понудата му е прифатена за купување на кредит, да ја поднесе целокупната потребна документација за кредит, во спротивно учеството му пропаѓа.

Сето наведено во огласот за продажба се купува по принципот ВИДЕНО-КУПЕНО, без право на дополнителни забелешки во поглед на квадратурата или други забелешки на недвижниот имот. Понудувачот има право на увид на документацијата која Банката ја поседува без право на барање на друга документација.

## НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

- Понудите да се доставaт во затворено плико со назнака **НЕ ОТВАРАЈ ПОНУДА-за купување недвижен имот.**
- Понудата да е потпишана од одговорното лице.
- Понудите да се доставуваат во рок од **8 (осум) дена** од денот на објавувањето на огласот, сметајќи го и денот на објавувањето.
- Понудата се доставува преку пошта или во архива на Банката, на Плоштад Нова Југославија бб, Куманово.
- Понудите кои нема да стигнат до определениот ден во Банката и ги немаат бараните податоци, нема да се земат во предвид.
- Банката нема обврска да изврши избор од евентуалните понудувачи.
- Понудувачите немаат право на приговор за избраниот најповолен понудувач од страна на надлежниот орган на Банката.
- Дополнителни информации можат да се добијат на Контакт телефони : 031 475-144, 031 475-139 и 031 475-137.

**НАПОМЕНА:** Заинтересираните кои сакаат да ги разгледат објектите и документацијатата можат да се јават на погоре назначените телефони, од денот на објавување на огласот.

**СТАТЕР БАНКА АД КУМАНОВО**